**МАКЕДОНСКА БЕРЗА**
**НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**АД СКОПЈЕ**

# М Е Т О Д О Л О Г И Ј А

## ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИНДЕКС НА ЈАВНО ПОСЕДУВАНИ ДРУШТВА НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА ( МБИД )

**Скопје, Декември 2010 година**

# ИНДЕКС НА ЈАВНО ПОСЕДУВАНИ ДРУШТВА НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА (МБИД)

**1. Име на индексот:**

Полн назив на индексот: Индекс на јавно поседувани друштва на Македонската берза
Ознака на индексот: МБИД

**2. Состав на индексот:**

Индексот МБИД е составен од обични акции со кои се тргува на Пазарот на јавно поседувани друштва на Македонската берза АД Скопје избрани согласно оваа Методологија.

**3. Вид на индексот:**

МБИД е ценовен, непондериран индекс, кој се пресметува со користење на просечната цена на тргување со хартиите од вредност.

**4. Формула за пресметување на индексот:**

$$\text{МБИД}_t = \text{МБИД}_{t-1} \times \left( 1 + \left( \sum_{i=1}^{n} \left[ \frac{P_{t,i}}{P_{t-1,i}} - 1 \right] \right) / n \right)$$

каде:
i = 1.....n;
n = број на обични акции во состав на индексот;
t = ден на тргување;
$p_{t,i}$ = тековна просечна цена на акциите вклучени во индексот, на денот t;
$p_{t-1,i}$ = просечна цена на акциите вклучени во индексот, на денот t-1.

**5. Критериуми за вклучувањер на акции во индексот**

Во Индексот на јавно поседувани друштва на Македонската берза МБИД се вклучуваат обични акции кои се внесени на Пазарот на јавно поседувани друштва на Македонската берза, избрани од страна на Комисијата за берзански индекс, имајќи ги предвид следните критериуми:

- број на денови на тргување со акцијата во периодот помеѓу две ревизии на индексот и
- големина на прометот со акцијата во периодот помеѓу две ревизии на индексот.

**6. База на индексот**

Индексот ќе започне да се пресметува од 18.06.2007 година.

За база на индексот, со вредност 10.000, се зема 15.06.2007 година.

**7. Ревизии на индексот**

За вршење на ревизии на индексот надлежна е Комисијата за берзански индекс.

Датуми на редовна ревизија на индексот се: 15.06 и 15.12. Доколку датумот на ревизија не е ден на тргување, ревизијата на индексот се врши на првиот следен ден на тргување.

Датумите на имплементација на извршената ревизија, односно датумите од кои ќе отпочне да се пресметува индексот по новиот состав се: 30.06 и 30.12. Доколку датумот на имплементација не е трговски ден, имплеметацијата на новиот состав на индексот се врши првиот следен ден на тргување.

Во случај на вонредни околности, Комисијата за берзански индекс може да изврши вонредна ревизија на индексот. Вонредната ревизија на индексот се спроведува по завршетокот на трговскиот ден, додека промените стапуваат на сила и се применуваат од наредниот трговски ден.